**20161683826**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 55 став (12) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ВИДЕОЛОТАРИСКИ ТЕРМИНАЛИ ВО ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ ВО КОИ СЕ ПРИРЕДУВААТ ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ИГРИ НА СРЕЌА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на согласност за зголемување на бројот на електронски видеолотариски терминали во деловните простории во кои се приредуваат електронските игри на среќа.

Член 2

Барањето за добивање на согласност за зголемување на бројот на електронски видеолотариски терминали во деловните простории во кои се приредуваат електронските игри на среќа се поднесува на образец во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-8139/5
25 август 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**БАРАЊЕ**
**за добивање на согласност за зголемување на бројот на електронски видеолотариски терминали во деловните простории во кои се приредуваат електронските игри на среќа**

Од_______________________________________________________________
(назив на трговското друштво подносител на барањето)

________________________________________________________________
(седиште на трговското друштво подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 55 став (10) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да постапите по барањето за добивање на согласност за зголемување на бројот на електронски видеолотариски терминали во деловните простории во кои се приредуваат електронските игри на среќа, за што во прилог на ова барање ги доставувам документите пропишани со член 55 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

| Датум и место | М.П. (*) | Подносител на барањето |
|---|---|---|
| ________________ | | ________________________ |

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.